**И З В Р Ш И Т Е Л**
**Јадранка Пајиќ Поп Кочева**
**именуван за подрачјето на**
**Основен Граѓански Суд Скопје и**
**Основен Кривичен Суд Скопје**
**ул. Ѓуро Стругар бр.11а-3**
**тел. 02/6121-080**

**Образец бр.66**

**И.бр. 230/2025**

Извршителот Јадранка Пајиќ Поп Кочева од Скопје, ул. Ѓуро Стругар бр.11а-3 врз основа на барањето за спроведување на извршување од доверителот Стопанска Банка АД Скопје од Скопје со ЕДБ 4030996116744, ЕМБС 4065549 и седиште на 11 Октомври 7 преку полномошник Адвокатско друштво Шилегов и Патнери, засновано на извршната исправа НПН бр.52/25 од 16.01.2025 година на Нотар Анета Петровска Алексова од Скопје, против должниците Балгуров Мирче од Скопје со живеалиште на ул. Лазар Поп Трајков бр. 23-1/3 и Мирјана Ќосеска-Балгурова од Скопје со живеалиште на ул.Лазар Поптрајков бр.23/1-3, за спроведување на извршување на ден 04.06.2026 година го донесува следниот:

**З А К Л У Ч О К**
**ЗА УСНА ЈАВНА ПРОДАЖБА**
**(врз основа на членовите 179 став (1), 181 став (1) и 182 став (1) од Законот за извршување)**

СЕ ОПРЕДЕЛУВА прва продажба со усно јавно наддавање на недвижноста означена како:

- КП 1082,дел 0, адреса Л.П.Трајков 23/1-3, број на зграда 1, намена на зграда А2-1, влез 1, кат К1, број 3, намена на зграда СТ, внатрешна површина 47 м2, сосопственост
- КП 1082,дел 0, адреса Л.П.Трајков 23/1-3, број на зграда 1, намена на зграда А2-1, влез 1, кат ПО, број 3, намена на зграда П, внатрешна површина 9 м2, сосопственост
- КП 1082,дел 0, адреса Л.П.Трајков 23/1-3, број на зграда 1, намена на зграда А2-1, влез 1, кат К1, број 3, намена на зграда ПП, внатрешна површина 5 м2, сосопственост
- КП 1082,дел 0, адреса Л.П.Трајков 23/1-3, број на зграда 1, намена на зграда А2-1, влез 1, кат К1, број 3А, намена на зграда СТ, внатрешна површина 36 м2, сосопственост
- КП 1082,дел 0, адреса Л.П.Трајков 23/1-3, број на зграда 1, намена на зграда А2-1, влез 1, кат К1, број 3А, намена на зграда ПП, внатрешна површина 5 м2, сосопственост

запишана во имотен лист бр.46179 за КО Гази Баба при АКН на СМ – ЦКН Скопје, сосопственост на должникот Балгуров Мирче, и тоа идеален дел ½.

Продажбата ќе се одржи на ден **22.06.2026 година во 12:00 часот** во просториите на Извршител Јадранка Пајиќ Поп-Кочева на ул.Ѓуро Стругар бр.11а-3, Скопје.

Почетната вредност на недвижноста, утврдена со заклучок на извршителот Јадранка Пајиќ Поп-Кочева, изнесува **2.980.240,00 денари**, под која недвижноста не може да се продаде на првото јавно наддавање.

Недвижноста е оптоварена со следните товари и службености Налог за извршување врз недвижност на Извршител Јадранка Пајиќ Поп-Кочева, И.бр.230/25 од 17.03.2025 година и Налог за извршување кај пристапување кон извршување на Извршител Никола Николовски, И.бр.748/25 од 20.05.2026 година. Должникот кој како сопственик домува во продадената семејна станбена зграда или стан, не го задржува правото да домува тука и е должен зградата, односно станот да ги испразни во рок од 30 дена од денот на доставување на Заклучокот за предавање во владение на недвижноста, а ако

тоа не го стори, извршителот на предлог од купувачот присилно ќе го изврши испразнувањето на зградата односно станот.

На јавното наддавање можат да учествуваат само лица кои претходно положиле гаранција која изнесува 1/10 (една десеттина) од утврдената вредност на недвижноста.

Уплатата на паричните средства на име гаранција се врши на жиро сметката од извршителот со бр. 270077132070238 која се води кај Халк банка АД Скопје и тоа најдоцна 1 (еден) ден пред одржување на продажбата.

На понудувачите чија понуда не е прифатена, гаранцијата им се враќа веднаш по заклучувањето на јавното наддавање.

Најповолниот понудувач - купувач на недвижноста е должен да ја положи вкупната цена на недвижноста, во рок од 15 (петнаесет) дена од денот на продажбата, во спротивно ќе се определи нова продажба, а средствата од положената гаранција се сметаат за наплатени средства во извршувањето.

Овој заклучок ќе се објави во следните средства за јавно информирање Нова Македонија и електронски на веб страницата на Комората.

Заклучокот ќе се достави до странките, заложните доверители, до учесниците во постапката, до лицата кои имаат запишано или законско право на првенство на купување и до надлежниот орган на управата.

И З В Р Ш И Т Е Л

Јадранка Пајиќ Поп Кочева